Бр. 02 – 499/12
30.4.2020 година
Скопје

Врз основа на член 1, точка 11 од Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот во 2019 година бр. 02-314/31 од 28.2.2019 година, Универзитетскиот сенат, на 41. седница одржана на 30.4.2020 година, донесе

# ОДЛУКА
## за доделување стипендии на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат стипенидии за студенти запишани во прва година на прв циклус студии на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), во учебната 2020/2021 година.

Средствата за оваа намена се утврдени во Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за периодот од 2020 до 2023 година бр. 02 – 271/22 од 20.2.2019 година (Универзитетски гласник бр. 425/2020).

### Член 2

Бројот на стипендиите за учебната 2020/2021 година на Универзитетот изнесува 240 стипендии, распоредени по 10 за секој факултет.

Износот на секоја стипендија е во висина на партиципацијата утврдена со Конкурсот за соодветниот факултет, односно за студиската програма.

Стипендиите се доделуваат само за учебната 2020/2021 година, односно еднократно со намена - уплата на партиципација во трошоците за студирање.

### Член 3

Стипендиите им се доделуваат на првите 10 кандидати на ранг-листата, примени во категоријата редовни студенти во државна квота на факултетот, во прва година во учебната 2020/2021 година.

Доколку на ранг-листата на запишани студенти за сите студиски програми има повеќе студенти со ист постигнат успех од бројот на стипендиите што се доделуваат, бројот на стипендиите соодветно се зголемува.

### Член 4

По истекот на рокот за запишување, факултетите ги доставуваат до Универзитетот конечните ранг-листи на примени кандидати.

За спроведување на постапката за доделување стипендии, ректорот формира комисија.

Комисијата утврдува ранг-листа и ја доставува до ректорот, кој донесува конечна одлука за доделување стипендии.

### Член 5

Студентот го губи правото на стипендија ако:

- се испише, односно ги прекине студиите;
- не запише втор семестар на студиите;
- не достави до факултетот потврда за запишан семестар;

- му мирува статусот на студент;
- неточно ги прикажал условите битни за доделување и користење на стипендијата;
- се вработи;
- по свое барање го откаже правото на користење на стипендијата.

Факултетот е должен да води евиденција и да го извести Универзитетот за исполнетоста на условите од став 1 на овој член.

Студентот кој го изгубил правото на стипендија е должен да го врати доделениот износ.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

Одобрил: Проф. д-р Биљана Ангелова, проректор за финансии, инвестиции и развој